( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 30. 07. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 138 | | |

**До: Општина Битола**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:** [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молам да ми доставите информација за вкупно исплатени средства и вкупен број на случаи на каснување од куче на годишно ниво, како и имињата на оштетените, и нивните адвокати.
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, јули, 2025 г.**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Outlook

Fwd: Дополна на барањето на информации од јавен карактер

From Emilija Ilievska <emilija.ilievska.ob@gmail.com>
Date Tue 7/29/2025 7:55 PM
To maca_stojanovska@hotmail.com <maca_stojanovska@hotmail.com>

---------- Forwarded message ---------
From: **Evgenija Cukaleva** <evgenija.cukaleva.ob@gmail.com>
Date: Tue, 29 Jul 2025 at 20:10
Subject: Fwd: Дополна на барањето на информации од јавен карактер
To: emilija.ilievska.ob@gmail.com <emilija.ilievska.ob@gmail.com>

---------- Forwarded message ----------
[redacted]

Почитувани,

Во барањето немав наведено за кој период барам информација, па оттаму би сакал да Ве известам дека барам информации за периодот 2020 г. до јуни 2025 г.

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Сектор за финансиски прашања

Бр.11-138/2
30.07.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-138/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
30.07.2025г.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 20. 08. 2025
Орг.Един: 11 | Број: 138/3 | Прилог: | Вредност:

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за сметководство

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**

**Бр.22-2/146**
**04.08.2025**

**Предмет: Одговор на барање за пристап на информации од јавен карактер**

Почитувани,

Врз основа на Вашиот допис бр.11-138/2 од 30.07.2025 година во врска со вкупно исплатени средства за случаи на каснување од куче на годишно ниво за период 2020- Јуни 2025 година, Ви ги доставуваме следните податоци по години:
-2020 година исплатени 0 денари,
-2021 година исплатени 0 денари,
-2022 година исплатени 0 денари,
-2023 година исплатени 7.695.495 денари,
-2024 година исплатени 10.468.784 денари ,
-01.01.2025-30.06.2025 исплатени 5.386.321 денари.

Со почит

**Раководител на Одделение за**
**сметководство и плаќање**
м-р Марија Савевска Христовска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-138/4
20.08.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **30.07.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-138/2025** од **30.07.2025 година**, за информации за исплатени финасиски средства и вкупен број на случаи на каснување од куче на годишно ниво и имињата на оштетените и нивните адвокати.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-138/2025 на ден 30.07.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации за исплатени финансиски средства и вклупен број на случаи за каснување од куче на годишно ниво и имињата на оштетените и нивните адвокати. Општина Битола донесе решение за делумно уважување на информацијата од јавен карактер поради тоа што останатиот дел од прашањето се информации со лични податоци согласно Законот за слободен пристап од информации од јавен карактер.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-138 од 30.07.2025.
2. Допис до Сектор за финансиски прашања бр.11-138/2 од 30.08.2025.
3. Одговор од Сектор за финансиски прашања со бр.11-138/3 од 20.08.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 20.08.2025 година, под бр. 11-138/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на**
**правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА